РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0303-63/1-3
27.07. 2022 год.

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за 6.Програма за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, а кофинансирана од Општина Свети Николе се објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**6.Програма за работно ангажирање – Јавни работи**

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво да се пријават во Центарот за вработување Свети Николе.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во **6.Програма за работно ангажирање – Јавни работи** ќе бидат работно ангажирани **22** работни дена при што за време на работниот ангажман статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица - корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество имаат сите невработени лица со ниски квалификации.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во **6.Програма за работно ангажирање – Јавни работи** се предвидува паричен надоместок во висина од 400 денари по работно ангажирано лице, дневно, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на:

| *Потребен број на кандидати* | Профил на кандидатите | Активности – работен ангажман |
|---|---|---|
| *10 лица* | Евидентирани невработени лица со ниски квалификации | проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво |

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во **6.Програма за работно ангажирање – Јавни работи** можат да поднесат во Центар за вработување Свети Николе секој работен ден во периодот од 29.07.2022 година до 05.08.2022 година, од 7.30 до 15.30 часот.

Пристигнатите пријави по завршување на рокот нема да бидат земени во предвид.

Селекцијата на заинтересираните пријавени кандидати ќе биде извршена од Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Свети Николе со претставник од општинската администрација, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и Центарот за вработување Свети Николе.

Доколку по завршување на рокот за пријавување не се пријават доволен број на кандидати од страна на Центарот на вработување, преостанатите позиции ќе бидат надополнети по пат на Посредување од Центарот за вработување.

Заинтересираните невработени лица потребно е да носат документ за лична идентификација за да можат да пополнат ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО за невработени лица и ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Свети Николе, избраните кандидати и Центарот за вработување Свети Николе.

Општина Свети Николе,
Градоначалник,
Дејан Владев